**Архивски број: 08-555/5**
**Датум: 10-12-2025 година**

Врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/20), постапувајќи по Претставка бр. 08–555/1 од 09.07.2025 година, поднесена од страна на Месна заедница село ----- при Општина ----- преку Претседателот на Месната заедница ----- против Општина -----, со седиште с. -----, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на Општина ----- кон жителите на село ----- при Општина -----.**

**Образложение**

Од страна на лицето ----- во својство на Претседател на Месна заедница село ----- при Општина -----, на ден 09.07.2025 година до Комисијата е поднесена Претставка за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на Општина ----- со седиште во село -----. Претставката во Комисијата е заверена со бр. 08-555/1. Како прилог кон Претставката подносителот доставува список со потписи од 53 жители на село -----, како и Барање бр. ----- од ----- година на Одбор на месна самоуправа с. -----, Известување бр. ----- од ----- година на Општина -----, Известие бр. ----- од ----- година на Министерство за транспорт и врски – Сектор за станбено – комунални работи и инфраструктура адресирано, Главен проект за улици во с. ----- – Општина -----, Одговор на барање по претставка бр. ----- од ----- година на Министерството за животна средина и просторно планирање, Одобрение за грдење со нечитка архивска заверка издадено од Општина -----, Известување за покренување на постапка НП бр. ----- од ----- година на Народниот правобранител – -----, Барање бр. ----- од ----- година на Одбор на месна самоуправа с. -----, Доставување на решение бр. ----- од ----- година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и две фотографии.

Во претставката подносителот наведува првенствено наведува дека во Општина ----- има вкупно четири села, од кои три се со мнозинство население од турска етничка припадност, и тоа с. -----, с. ----- и с. -----, додека четвртото село, с. ----- е со население од македонска етничка припадност, и дека уште од самото формирање на Општината во ----- година, во трите села со мнозинство население од турска етничка припадност се обезбедени услови за непречен пристап до добра и услуги и реализирани се многу капитални проекти, како изградба на канализациона мрежа,

пречистителни станици, водоводни мрежи, патишта, улици, потпорни ѕидови, чистење и изградба на речни корита, изградба на резервоари и друго. Од користење на наведените добра и услуги, се изоставени жителите на с. -----. Наведуваат дека во 2001 година на сопствен трошок жителите на с. ----- платиле изработка на Главен проект за приклучување на с. ----- кон Регионалниот систем за водоснабдување -----, и истиот со сета потребна документација согласно законските прописи го доставиле до Општина -----, од каде се уште немаат одговор. Во меѓувреме жителите на с. ----- користат техничка вода од локалниот селски водовод кој е со намалена издашност и вода за пиење носат до соседните населени места. Во ----- година, наведува подносителот дека на сопствен трошок жителите на с. ----- платиле изработка на проект за улица за горното маало од селото кој го доставиле до Општина -----, но од каде немаат слух, па жителите постојано доставуваат барања и молби до Општината но повторно бесцелно. Понатаму наведува подносителот дека сите пристапни улици во с. -----, с. ----- и с. -----, кои се изградени во времето на СФРЈ, се реконструирани од страна на Општина -----, а единствен исклучок е с. -----, кое останува со не реконструирани улици, кои се во многу лоша состојба. На крај наведуваат дека Општината -----, во атарот на с. ----- направила дива депонија, во која ЈП „Комуналец" од општина ----- складира отпад од сите села во Општината, со што се загадува и воздухот и почвата и водата во с. -----, како и животната средина. Токму нееднаквиот третман и неовозможувањето на пристап до добрата и услугите и на жителите од с. -----, доведува до иселување на истите од селото.

Согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата со Барање за произнесување бр. 08-555/2 од 17.07.2055 година се обрати до потенцијалниот дискриминатор, кој достави Произнесување бр. ----- од ----- година, во Комисијата заверено со бр. 08-555/3 од 20.08.2025 година. Во своето произнесување потенцијалниот дискриминатор наведува дека од вкупно ----- жители во Општина -----, во с. ----- има ----- жители, па оттука изразуваат мислење дека треба да се направи проверка на потписите на жителите од с. -----. Понатаму, наведуваат дека не е точно дека жителите на с. ----- немаат пристап до добра и услуги, туку напротив, тие примаат услуга за собирање на отпад за кој не им се наплатува надоместок, а во врска со водоснабдувањето наведуваат дека жителите на с. ----- до Општина ----- доставило писмено Одбивање на понудата Општина ----- да го преземе водоснабдувањето. Во врска со фекалната канализација наведуваат дека истата е делумно реализирана, односно изградени се околу 30 проценти во с. -----, 20 проценти во с. -----, а во с. ----- и с. ----- нема изградено фекална канализација, па констатираат согласно наведеното дека во тој случај и кон жителите на с. ----- има дискриминација. Наведуваат дека има изградено по една прочистителна станица во с. ----- и с. -----, бидејќи не може да има фекална канализација ако нема прочистителна станица. Па затоа нема изградено прочестителни станици во с. ----- и с. -----, бидејќи немаат фекална канализација. Понатаму, наведуваат дека Општина ----- има изведено неколку улици согласно приоритетите и потребите од реална ситуација. Наведуваат дека согласно наведеното не можат да констатираат дека има дискриминација освен позитивна дискриминација. Во врска со самофинансирачкиот проект за


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

водоснабдување на с. -----, наведуваат дека таа документација не е пронајдена во објектот на Општината, поради преселбата на Општината во нов објект, а и доколку бил пронајден по истиот повеќе не можело да се постапува, односно да биде предмет на кој би му се дал одобрение бидејќи не соодветствува со законската регулатива и правилник, кои се актуелни. Во произнесувањето наведуваат дека иста ситуација е и со проектот за улица во горно маало во с. ----- како и со проектот за водоснабдувањето. Во врска со проблемот со депонирање и третирање на отпадот наведуваат дека тоа е сериозен проблем во Република Северна Македонија, кој не може да се реши толку едноставно, а помалку дека има можности за решавање една општина како што е Општина -----. Наведуваат дека посочената депонија редовно се чисти со багери и дека не постои никаква дискриминација бидејќи не веруваат дека миризбата не одбира по национална основа и да се пренесува само во с. -----, туку ако добро се анализира релјефот, ќе се утврди дека исто толку ќе се загади и с. -----, с. ----- и с. -----, и затоа се постапува прашањето, каде во врска со овој проблем постои дискриминација.

* * *

Согласно одредбата од член 29 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 30.09.2025 година во периодот од 12,30 до 15,00 часот, заради утврдување на реалната фактичка состојба во однос на предметот на претставката, Комисијата изврши увид во с. -----. При увидот направени се средби со жителите на с. ----- и остварен е директен разговор со некои од нив, како и со Претседателот на месната заедница. Во разговор, потврдено е дека селото не располага со чиста вода со пиење, поради што вода обезбедуваат од ----- или купуваат од маркети, а на само 1500 метри се наоѓа приклучната разводна линија од водоводната мрежа ----- од која со чиста вода за пиење се снабдуваат сите населени места освен с. -----. Во врска со понудата на Општина ----- за стопанисување со водоводната мрежа која жителите самите ја поставиле, констатирано е дека Општина ----- инсистирала на стопанисување со селската водоводна мрежа, но не нудела одржување и нејзино прочистување, која вода согласно сите мерења од надлежни институции е забранета за пиење и се користи само за техничко – санитарни потреби. Жителите истакнуваат дека не им се познати причините зошто проектот за водоснабдување изработени со средства од жителите на с. ----- од страна на Општината со години е чуван во фиоки и веќе е застарен. На тој начин сметаат дека на целото село им е ускратена можноста за пристап до чиста вода за пиење.

Во врска со проблемот со канализацијата и отпадот при спроведувањето на увидот е заклучено дека тоа претставува заеднички проблем на жителите од сите четири села, за кој проблем Општината веќе почнала да презема некои дејствија. Увид е извршен и во останатите три села, -----, ----- и -----, како и во Општината -----, при што е утврдено дека истите се инфраструктурно многу подобро обезбедени за разлика од с. ----- и дека располагаат со чиста вода за пиење, што не е случај со с. -----.

Заклучоци кои произлегоа од увидот, се ставени на Записник заверен со бр. 08-555/4 од 21.10.2025 година, а тоа се следните:

- с. ----- како единствено село со жители од македонска национална припадност од формирањето на Општина ----- нема чиста вода за пиење;
- нема канализациона мрежа и истата во моментот не може да се воспостави и не претставувало проблем од поголем приоритет;
- одложувањето на отпадот и неговото транспортирање е проблем со поголема димензија, но отпадот кој се одложува во близина на селото веќе се дислоцира.

* * *

Земајќи ги во предвид сите наводи и докази изнесени во претставката на подносителот, како и содржината на произнесувањето на потенцијалниот дискриминатор и прилозите кон истите, како и заклучоците од извршениот увид од страна на Комисијата на ден 30.09.2025 година, Комисијата цени дека од страна на потенцијалниот дискриминатор е сторена директна дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги кон жителите на с. ----- при Општина -----.

Со одредбата од членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се утврдуваат дискриминаторските основи, меѓу кои Законот ја утврдува и етничката припадност како дискриминаторска основа. Со одредбата од членот 6 од истиот закон се утврдува дефиницијата за дискриминација, која е уредена на следниот начин: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*, додека пак со одредбата од членот 8 став (1) од истиот закон директната дискриминација се утврдува на следниот начин: *„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“*.

Општата надлежност на општините се уредува со членот 20 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), кој гласи: *„Општините, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, имаат право на своето подрачје* ***да ги вршат работите од јавен интерес од локално значење****, што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.“*. Со одредбата од членот 22 од истиот закон е утврдена листата на надлежности на општините. Тој гласи:

*„Општините се надлежни за вршење на следниве работи:*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*1. **Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;***

*2. **Заштитата на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење;***

*3. Локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;*

*4. **Комуналните дејности - снабдувањето со вода за пиење; испораката на технолошката вода; одведувањето и пречистувањето на отпадните води;** јавното осветлување; **одведувањето и третманот на атмосферските води; одржувањето на јавна чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад;** уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; одржувањето на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето погребални услуги; **изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти;** регулирање на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на непрописно паркираните возила; отстранување на хаварисаните возила од јавните површини; изградбата и одржувањето на пазарите; чистењето на оџаците; одржувањето и користењето на парковите, зеленилото, парк- шумите и рекреативните површини; регулацијата, **одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови;** определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;*

*5. Културата - институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво;*

*6. Спортот и рекреацијата - развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски приредби и манифестации; одржувањето и изградбата на објекти за спорт; поддршка на спортски сојузи;*

*7. Социјалната заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување на социјална грижа за инвалидните лица; децата без родители и родителска грижа; деца со воспитно- социјални проблеми; деца со посебни потреби; децата од еднородителски семејства; децата на улица; лицата изложени на социјален ризик; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението; домување на лица*

*со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита;*
*8. Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт, во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;*
*9. Здравствената заштита - управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со специјални потреби (на пример, ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон;*
*10. Спроведување на Подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;*
*11. Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;*
*12. Надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност и*
*13. Други работи определени со закон.*

*Надлежностите од ставот (1) на овој член се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со закон.*

*Со закон се утврдуваат работите од надлежност на општината кои таа задолжително ќе ги врши.".*

* * *

Во смисла на претходно наведените законски одредби, ценејќи ги аргументите и доказите на подносителот на претставката и произнесувањето на Општина -----, секој посебно и во корелација еден со друг, како и во однос на затекнатата состојба при вршењето увид на самото место од страна на Комисијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на Мислењето.

Имено, со тоа што с. -----, како единствено населено место од вкупно четирите села во Општина -----, -----, ----- и -----, не располага со водоводна мрежа која обезбедува чиста вода за пиење за жителите на селото, слабата и воопшто нереконструирана патна инфраструктура и непоставената фекална канализација, што не е случај со останатите села, независно од процентот на реализација на проектите во другите села, кои сепак се започнати, доколку не се целосно реализирани, е предмет на поинакво односно нееднакво постапување при обезбедување на еднаков пристап до добра и услуги од страна на Општина -----.

При вршењето на работи од надлежност согласно одредбите од членот 22 од Законот за локалната самоуправа, Општина ----- не вршела дејствија еднакво за сите населени места во Општината, односно во рамки на своите надлежности, реализирала или започнала капитални проекти наведени погоре во Мислењето, во одделни

населени места, во случајот населени места со мнозинство население од турска етничка припадност, додека пак споредено со с. -----, кое е со мнозинство население од македонска етничка припадност по однос на истите проекти, не се преземени никакви дејствија. Дополнително како негативно постапување на Општина ----- е и нејзиниот однос кон изготвениот проект за водоснабдување во с. -----, самофинансиран од страна на жителите на селото, по кој долг период не било постапувано, биле пропуштени сите законски рокови, а потоа истиот бил и изгубен при преселбата на Општината во нов објект, со што се довело до застарување на постапувањето по истиот. Нееднаквиот третман на Општина ----- кон жителите на с. ----- е присутен и во понудата за обезбедување на водоводна мрежа, односно стопанисување со истата, но без притоа да во понудата вклучат и одржување на мрежата и прочистување.

* * *

**Согласно се горенаведено, Комисијата утврди дека од страна на Општина ----- е сторена директна дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги кон жителите на с. ----- при Општина -----, и се одлучи како во диспозитивот на ова Мислење, а согласно одредбите од ставот (2) од членот 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги дава следните:**

**ПРЕПОРАКИ**

1. **СЕ ПРОПОРАЧУВА на Општина ----- во рок од 90 дена од денот на приемот на Мислењето да преземе иницијални дејствија за реализација на проект за обезбедување на чиста вода за пиење во с. ----- при Општина -----.**
2. **СЕ ПРОПОРАЧУВА на Општина ----- во рок од 90 дена од денот на приемот на Мислењето да преземе иницијални дејствија за реализација на проект за поставување на канализациона мрежа во с. ----- при Општина -----.**
3. **СЕ ПРОПОРАЧУВА на Општина ----- во рок од 90 дена од денот на приемот на Мислењето да преземе иницијални дејствија за реализација на проект за реконструкција на патната инфраструктура во с. ----- при Општина -----.**

**Доколку Општина ----- не постапи согласно наведените препораки, согласно своите надлежности уредени со одредбата од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

**Скопје,**
**04.12.2025 година**

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**
**Претседател**
**Душан Томшиќ**


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk